**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-191/8**
**Скопје, 11.03.2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Општина Ѓорче Петров, Сметка за донации – "ЛЕАП„, за период од 08.02.2005 година до 24.01.2007 година, прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансискиот извештај на Сметка за донации – „ЛЕАП", за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сокол Митровски, Градоначалник на Општина Ѓорче Петров

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 27.12.2007 до 31.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај се заснова на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.



***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.02.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Ѓорче Петров за средствата на сметката на донации ЛЕАП, под број 05-330/2 од 25.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Ѓорче Петров. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодот од точка 10.1. не се прифаќаат од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за негово прифаќање.

**11. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1. Службите на општина Ѓорче Петров немаат изготвено завршна сметка за 2005, 2006 и 2007 година, односно за секоја фискална година кога функционирала Сметката за донации – „ЛЕАП“, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Изготвената завршна сметка за период од 08.02.2005 до 24.01.2007 година, не дава јасен и точен преглед на приходите и расходите, за секоја фискална година.
**Препорака:**
Одделението за сметководство да ги почитува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да го запазува принципот на извештајност.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точка 11.1. финансискиот извештај не ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за донации – „ЛЕАП“ на Општина Ѓорче Петров на ден 24.01.2007 година и резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Сметката за донации – „ЛЕАП“ на Општина Ѓорче Петров остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за период од 08.02.2005 година до 24.01.2007 година.

**Скопје,03.03.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПРОЕКТ„ЛЕАП„**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 5.003 |
| **Вкупно приходи** | | **5.003** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.1 | 77 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 413 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **490** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **4.513** |
| **Вкупно расходи** | | **5.003** |